Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

Генерална дирекција
Сектор за човечки ресурси
Број: 01-2451/10
Датум 25-06-2026

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14...198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19...145/25), директорот на Управата за јавни приходи донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

**Член 1**

Со овој правилник се врши исправка на  Правилникот за систематизација на работните места во Управата за јавни приходи број 01-597/2 од 09.02.2024,бр. 01-597/3 од 24.09.2024 година,бр.01-597/5 од 27.09.2024 година, бр. 01-597/9 од 26.11.2024година,бр.01-988/3 од 07.02.2025 година, бр.01-988/6 од 10.02.2025 година, бр.01-988/9 од 12.05.2025 година, бр. 01-988/12 од 15.07.2025 година, бр.01-988/15 од 31.07.2025 година, бр.01-988/18 од 17.12.2025 година, бр.01-2451/1 од 18.03.2026 година, бр.01-2451/7 од 20.05.2026 година и бр.01-2451/4 од 17.06.2026 година.

**Член 2**

Во делот IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ, во делот ГЕНЕРАЛНА ДИРЕКЦИЈА, во точката 4. ДИРЕКТОРАТ ЗА ПОДДРШКА НА АКТИВНОСТИТЕ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ,во точката 4.8. СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, во потточката 4.8.1. ОДДЕЛ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА после работното место со реден број 78, се додава ново работно место со реден број 78-а кое гласи: Самостоен даночен советник за меѓународна соработка, со шифра ДАН0101В01006.

| | |
|---|---|
| **Реден број** | 78-а |
| **Организациска единица** | Генерална дирекција |
| **Организациска единица** | Директорат за поддршка на активностите на Управата за јавни приходи |
| **Организациска единица** | Сектор за меѓународна соработка |
| **Организациска единица** | Оддел за меѓународна соработка |
| **Организациска единица** | / |
| **Шифра** | ДАН0101В01006 |
| **Ниво** | В01 |
| **Звање** | Самостоен даночен советник |
| **Назив на работно место** | Самостоен даночен советник за меѓународна соработка |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на Оддел за меѓународна соработка |

| | |
|---|---|
| **Вид на образование** | Општествени науки - Економија и бизнис или Право |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Самостојно извршува најсложени работи и работни задачи во одделот во однос на меѓународната соработка |
| **Работни задачи и обврски** | – следење, предлагање и извршување на активности за соработката со даночни администрации на други држави, дипломатско-конзуларни претставништва, меѓународни организации и меѓународни институции, програми, иницијативи, во земјата и странство;<br>- следење, предлагање и извршување активности за обезбедувањето на усогласеност на Управата за јавни приходи со Националната програма за усвојување на правото на Европската унија во делот на оданочувањето (оперативни капацитети) и другите акти со кои е уредена соработката со Европската Унија;<br>- следење, предлагање и извршување на активности за користењето на програмите и инструментите за техничка помош на Европската Унија;<br>– следење, предлагање и извршување на активности за исполнување на обврските на Управата за јавни приходи по основ на членство и воспоставена соработка со меѓународни организации и институции;<br>– следење, предлагање и извршување на активности за користење на техничка помош од меѓународни организации и институции;<br>– следење, предлагање и извршување на активности за подготовка на меѓународни договори и други акти со кои се уредува соработката со Европската Унија, меѓународни организации и институции и меѓународната размена на информации;<br>– учествува во работата на меѓуресорски групи и други работни тела, во земјата и во странство, поврзани со прашања од делокругот на работа на одделот;<br>– учествува на настани и работни состаноци од меѓународен карактер, поврзани со делокругот на работата на одделот;<br>– следење, предлагање и извршување на активности заради обезбедување на видливоста и навременото ажурирање на информации и содржини на интранет и веб страниците на УЈП, како и веб страници и платформи на меѓународните организации и институции, поврзани со делокругот на одделот;<br>– следење и извршување на активности за подготовка на предлог плановите, вклучувајќи и предлог финансиски планови, за активности и работи од делокругот на одделот; |

| | |
|---|---|
| | - следење и извршување на активности за подготовка на известувања, информации, извештаи за извршување на активности и работи од делокругот на одделот;<br>– следење и извршување на активности за подготовка на предлози и ажурирање на процедурите, упатствата, прирачниците и други оперативни инструкции од делокругот на одделот;<br>- ја следи домашната и меѓународната регулатива поврзана со делокругот на одделот. |

**Член 3**

Во делот РЕГИОНАЛНИ ДИРЕКЦИИ – СКОПЈЕ, БИТОЛА, ПРИЛЕП, ТЕТОВО, ШТИП И СТРУМИЦА, во точката 4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАПЛАТА И УПРАВУВАЊЕ СО ДОЛГОВИ, во потточка 4.2. Служба за обезбедување на плаќањето на долговите, во описот на работното место со реден број 367 – Помлад даночен извршител за обезбедување на плаќањето на долговите, со шифра ДАН0101В04011, во делот „Штип" наместо бројот „6" треба да стои бројот „5", а во делот „Битола" наместо бројот „1" треба да стои бројот „2".

**Член 4**

Во делот РЕГИОНАЛНИ ДИРЕКЦИИ – СКОПЈЕ, БИТОЛА, ПРИЛЕП, ТЕТОВО, ШТИП И СТРУМИЦА, во точката 4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАПЛАТА И УПРАВУВАЊЕ СО ДОЛГОВИ, во потточка 4.2. Служба за обезбедување на плаќањето на долговите, во описот на работното место со реден број 369 – Даночен извршител за попис, процена и заплена на движни предмети и недвижности, со шифра ДАН0101Г03002, во делот „Прилеп" наместо бројот „2" треба да стои бројот „1", а во делот „Тетово " наместо бројот „3" треба да стои бројот „2".

**Член 5**

Во делот РЕГИОНАЛНИ ДИРЕКЦИИ – СКОПЈЕ, БИТОЛА, ПРИЛЕП, ТЕТОВО, ШТИП И СТРУМИЦА, во точката 5. РЕГИОНАЛЕН ДАНОЧЕН ИНСПЕКТОРАТ, во потточка 5.1. Даночен инспекторат, во описот на работното место со реден број 377 – Виш инспектор, со шифра ДАН0101В02003, во делот „Број на извршители" наместо бројот „34" треба да стои бројот „35", а во делот „Битола" наместо бројот „5" треба да стои бројот „6".

**Член 6**

Во делот ДАНОЧНИ ОДДЕЛЕНИЈА, во точка 2. СЛУЖБА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА, УТВРДУВАЊЕ И ДАНОЧНО СМЕТКОВОДСТВО, во описот на работното место со реден број 416- Самостоен даночен советник за регистрација на даночни обврзници, со шифра ДАН0101В01006 во делот „Број на извршители" наместо бројот„4"треба да стои бројот„5" а во делот „Неготино" бројот „0" се заменува со бројот „1".

**Член 7**

Во делот ДАНОЧНИ ОДДЕЛЕНИЈА, во точка 2. СЛУЖБА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА, УТВРДУВАЊЕ И ДАНОЧНО СМЕТКОВОДСТВО, во описот на работното место со реден број 427- Помлад асистент за утврдување на даноци, со шифра ДАН0101В04007 во делот „Број на извршители" наместо бројот „9"треба да стои бројот „10", а во делот „Гостивар" наместо бројот „1" треба да стои бројот „2".

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

**Член 8**

Во делот ДАНОЧНИ ОДДЕЛЕНИЈА, во точка 2. СЛУЖБА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА, УТВРДУВАЊЕ И ДАНОЧНО СМЕТКОВОДСТВО, во описот на работното место со реден број 430- Даночен референт за утврдување на даноци, со шифра ДАН0101Г03003, во делот „Број на извршители" наместо бројот„5" треба да стои бројот„4", а во делот „Пробиштип" со бројот „1" се брише.

**Член 9**

Во делот ДАНОЧНИ ОДДЕЛЕНИЈА, во точка 2. СЛУЖБА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА, УТВРДУВАЊЕ И ДАНОЧНО СМЕТКОВОДСТВО, во описот на работното место со реден број 435 - Помлад асистент за даночно сметководство, со шифра ДАН0101В04007, во делот „Број на извршители" наместо бројот„12" треба да стои бројот„11", а во делот „Дебар" наместо бројот „2" треба да стои бројот „1".

**Член 10**

Согласно измените во интегралниот текст на Правилникот, се вршат и соодветни измени и во Табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот за систематизација на работните места во Управата за јавни приходи.

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила и ќе се објави на огласна табла/Интранет на УЈП по добиена согласност од Министерството за јавна администрација.

Директор
м-р Елена Петрова

Прилог:
- Табеларен преглед